2021

# Програма за приправници

во Адвокатска канцеларија

**Лаличиќ и Бошкоски**

за 2023/2024 година

## 1. Вовед

Практичното работно искуство за студентите и штотуку дипломираните правници претставува можеби првиот и најважен чекор во градењето на кариерата на еден правник. Студентот или дипломираниот правник преку вршењето на практичните работи и задачи има прилика своето дотогаш само теоретско познавање на правната материја да го употреби за вистинските цели за кои тоа знаење го стекнал.

Поради оваа причина, правилниот избор на првата пракса или работа е од огромно значење за кариерата во правото и може вистински да ја определи деловната патека и напредувањето во кариерата на еден правник.

Од друга страна, изборот на првата пракса да биде во адвокатска канцеларија наместо друг вид на правна работа или пракса, отвара многу можности и широка употреба на теоретското познавање стекнато за време на студиите. Доколку студентот одлучил својата пракса да ја продолжи во адвокатска канцеларија тоа ќе му даде можност да работи многу поголем број на области и така вистински да осознае кој вид на гранка во правото е соодветна за него.

## 2. Цел на програмата

Низ годините искуство, адвокатската канцеларија Лаличиќ и Бошкоски од Скопје стигна до модел на практична работа која овозможува ангажираните приправници побрзо да се стекнуваат со неопходните правни искуства и вештини.

Оттука, заедно со нашите приправници, во пријатна и динамична работна атмосфера, тежнееме да ја постигнеме заедничката цел на приправникот, а тоа е соодветно стручно усовршување.

Стручното усовршување и искуство кое приправникот ќе го стекне со својот ангажман во адвокатската канцеларија ќе му овозможи да самостојно извршува работи и работни задачи било во адвокатската канцеларија Лаличиќ и Бошкоски по завршувањето на приправничкиот период, било кај друг работодавач.

## 3. Надоместок за приправничката работа

Адвокатскатата канцеларија Лаличиќ и Бошкоски за времетраењето на приправничката обука ќе исплаќа надоместок соодветен на стручните квалификации и работни способности на приправникот. Соодветно на напредокот и личниот ангажман на приправникот, истиот во зависност од фазата во која се наоѓа во програмата, континуирано ќе добива соодветно зголемување на ваквиот надоместок.

## 4. Стипендија за постдипломски студии

Кандидатите кои успешно ќе ја извршуваат оваа Програма, за времетраењето на приправничката обука, ќе се стекнат со стипендија за постдипломски студии.

## 5. Сертификат и препорака за завршена практиканска програма

За практиканската програма, приправникот ќе се стекне со сертификат и соодветни препораки за успешно завршена практиканска програма.

# Адвокатски приправник – фаза 1 / основно ниво

1. **Вовед**

Во првата фаза приправникот треба да се стекне со општо разбирање и организација на адвокатска канцеларија и однос со клиенти. Приправникот ќе има можност да ја согледа и практикува деловната комуникација во канцеларијата меѓу колегите и со трети лица ангажирани во различни институции и правни лица.

Во оваа фаза приправникот ќе има можност да биде ангажиран на припрема на основни правни акти кои не бараат длабока правна и комплексна анализа и често ќе бидат базирани на терковски работни верзии кои ќе му бидат дадени како пример и основа за изработка.

2. **Времетраење**

Се смета дека основното ниво приправникот треба да успешно да го заврши во период до три месеци од денот на почнување со ангажманот во канцеларијата. Доколку приправникот не заврши со првата фаза во дадениот период, приправничкиот однос престанува.

3. **Задачи и евалуација**

За времетреање на првата фаза, приправникот ќе има прилика да работи и да се едуцира за дел од следните правни работи:

| Правна работа / обврски на приправникот | Успех во завршување на задачата/задачите | | |
|---|---|---|---|
| | Високо (3 бодови) | Средно (2 бодови) | Ниско (1 бод) |
| Комуникација, застапување и работа со државни органи и правни лица преку достава на барања, пријави, поднесоци, други документи, подигања на решение, известувања и сл., како и консултации | | | |
| Припрема и/или анализа на договори за пренос на сопственост на недвижности (купопродажба, дар, размена и сл.) како и договори за закуп или послуга | | | |
| Припрема на основни / необразложени судски поднесоци | | | |
| Проверка и следење на активни судски предмети, активни предмети пред нотар, извршител или други органи | | | |
| Припрема на документација за поедноставни промени кај правни лица пред Централен регистар | | | |
| Придружба и асистирање на клиенти за основни видови на правни работи (нотар, банка и сл.) | | | |
| Припрема на платни налози, барање за извршување, поднесоци и сл. до нотар и извршител | | | |
| Други поедноставни работни задачи со асистенција на колега од канцеларијата | | | |
| **ВКУПНО ОСВОЕНИ БОДОВИ** | 24/ | | |

4. **Препорака за следно ниво**

Со добивање на _____________ поени, приправникот ___________________________ се стекна со основни познавања на адвокатски приправник и сметаме дека е во можност да извршува посложени задачи од средно ниво, почнувајќи од ___/___/_____ година.

# Адвокатски приправник – фаза 2 / средно ниво

**1. Вовед**

Во втората фаза приправникот треба да се стекне со дополнително разбирање и организација на адвокатска канцеларија и однос со клиенти. Приправникот ќе има можност почесто да „тренира“ деловна комуникација преку директен контакт со клиенти преку е-маил или на друг начин.

Во оваа фаза приправникот ќе има можност да биде ангажиран на припрема на понапредни правни акти кои ќе бараат определена правна анализа, за која често приправникот ќе добива подршка од колегите во канцеларијата.

**2. Времетраење**

Се смета дека средното ниво приправникот треба да успешно да го заврши во период до девет месеци од денот завршувањето на основното ниво. Доколку приправникот не заврши со втората фаза во дадениот период, приправничкиот однос престанува.

**3. Задачи и евалуација**

За времетреање на втората фаза, покрај активното извршување на задачите од првата фаза, приправникот ќе има прилика да работи и да се едуцира за дел од следните правни работи:

| Правна работа / обврски на приправникот | Успех во завршување на задачата/задачите | | |
|---|---|---|---|
| | Високо (3 бодови) | Средно (2 бодови) | Ниско (1 бод) |
| Припрема на основни видови на тужби и судски поднесоци | | | |
| Самостојна комуникација со клиенти преку е-маил, телефон или на друг начин за поедноставни правни прашања или услуги | | | |
| Длабинска правна анализа на договори и акти со асистенција на колега од канцеларијата | | | |
| Самостојна припрема на документација за промени кај правни лица пред Централен регистар, вклучувајќи и основање на правни лица | | | |
| Припрема на маилови во кои се содржи правно мислење или правен став со надзор и одобрение од страна на друг колега во канцеларијата | | | |
| Припрема на апликација за трговска марка и други поднесоци пред Завод за индустриска сопственост | | | |
| Припрема на документација за дозвола за престој со асистенција на колега од канцеларијата | | | |
| Други поедноставни работни задачи | | | |
| **ВКУПНО ОСВОЕНИ БОДОВИ** (прво + второ ниво) | 48/ | | |

**4. Препорака за следно ниво**

Со добивање на _____________ поени, приправникот __________________________ се стекна со основни познавања на адвокатски приправник и сметаме дека е во можност да извршува пословожени задачи од напредно ниво, почнувајќи од __/__/_____ година.

# Адвокатски приправник – фаза 3 / напредно ниво

1. **Вовед**

Во првата фаза приправникот ќе треба да се доведе во позиција да продуцира готов адвокатски производ кој може директно и без значителни корекции да биде предаден на клиентот или доставен до надлежната институција.
Приправникот ќе има можност да дава поконкретни предлози и директни одлуки за постапување по определени предмети во зависност од комплексноста на определените предмети.

2. **Времетраење**

Се смета дека напредното ниво приправникот треба да успешно да го заврши во период до дванаесет месеци од денот завршувањето на средното ниво. Доколку приправникот не заврши со третата фаза во дадениот период, приправничкиот однос престанува.

3. **Задачи и евалуација**

За времетреање на третата фаза, покрај активното извршување на задачите од првата и втората фаза, приправникот ќе има прилика да работи и да се едуцира за дел од следните правни работи:

| Правна работа / обврски на приправникот | Успех во завршување на задачата/задачите | | |
|---|---|---|---|
| | Високо (3 бодови) | Средно (2 бодови) | Ниско (1 бод) |
| Припрема на посложени тужби и судски поднесоци | | | |
| Самостојна комуникација со клиенти преку емаил, телефон или на друг начин за секакви видови правни прашања или услуги | | | |
| Самостојна длабинска правна анализа на договори, акти и учество во проекти на длабинска анализа при M&A, инвестиции или слични трансакции | | | |
| Самостојна припрема на документација за посложени промени кај правни лица пред Централен регистар, вклучувајќи и основање на правни лица | | | |
| Припрема на маилови во кои се содржи правно мислење или правен став со минимален надзор од страна на друг колега во канцеларијата | | | |
| Припрема на секакви видови на тужби и судски поднесоци | | | |
| Самостојна припрема на документација за дозвола за престој | | | |
| **ВКУПНО ОСВОЕНИ БОДОВИ** (прво + второ + трето ниво) | 69/ | | |

4. **Препорака за завршување на програмата**

Со добивање на _____________ поени, приправникот __________________________ се стекна со основни познавања на адвокатски приправник и сметаме дека е во можност да извршува посложени задачи од напредно ниво, почнувајќи од __/__/_____ година.

Начин на евалуација на приправникот:

За приправникот да добие оцена **високо / 3 бодови**, потребно е задачата да ја извршил без одлагање и во брз период во зависност од комплексноста и обемот на задачи кои ги има во периодот. Приправникот задачата/задачите треба да ги извршува без или со мала асистенција и на крај да продуцира финален продукт, во зависност од задачата и нивото за кое се однесува конкретната оцена.
За приправникот да добие **оцена средно / 2 бодови**, потребно е задачата да ја извршил во задоволително брз период во зависност од комплексноста и обемот на задачи кои ги има во периодот. Приправникот задачата/задачите треба да ги извршува со асистенција од колегите, меѓутоа да даде значителен придонес и олеснување до постигнувањето на финален продукт било од негова страна, било од страна на колегите.
За приправникот да добие **оцена ниско / 1 бод**, потребно е задачата да ја извршил со задоцнување имајќи ја предвид и комплексноста и обемот на задачи кои ги има во периодот. Приправникот задачата/задачите треба да ги извршува на начин што не дал особен придонес кон постигнување на крајната цел.

Доколку приправникот стигнал до повисоко ниво, а претходно му била дадена средна или ниска оцена по определен вид правна работа и обврска, со подобрување на извршувањето на таквата работа приправникот може да се стекне со повисока оцена што ќе го подобри севкупниот број на бодови на приправникот.

За да приправникот премине од едно во друго ниво, потребно е да се стекне со најмалку 61% од поените кои се предвидени за даденото ниво или пак 61% од вкупниот број на поени опфатени во нивоата од претходно.